# Коледарски Песни
## (мрсни песни за посни денови)



Некомерцијално Издание
Јануари 2010
www.kolede.50webs.org

**Коледе, леде!**
**паднало греде**
**утепало деде**
**дедо се мачи**
**баба го квачи**
**со четири јајца**
**гускини, шаткини!**

**Кој што спие нека стане**
**нека месе колачиња за дечиња**
**ако нема колачиња**
**има паричиња**
**ако нема паричиња**
**џамот ќе лета на парчиња!**

**Мара седи крај бунара**
**па си драпа пизда стара**
**џандар  вели што е тоа**
**Мара вели еби тоа!**

**Матен Вардар дотече**
**кош куреви довлече**
**и рипчиња пресни**
**со пичиња тесни!**

**Одоздола иде шарено пајтонче**
**во пајтонче 3 жени**
**со пичките стрижени!**

**Ири ири јатка**
**од магаре затка**
**врти коло дрвено**
**еби пиче црвено!**

Сонцето зајде
курот пичка најде
пичката вели - болна сум
курот вели - доктор сум!

Сонце грее
пичка зрее
курот доктор па се смее
пичката вели - болна сум
курот вели - доктор сум!

Мини мини макси
куров ми е такси
кој не веруе нека се качуе
возам и пичиња по слепи уличиња!

Тараличе, личе
кубано пиче
удрила стрела
во пичка дебела!

**Врти колце дрвено**
**еби пиче црвено**
**од лисица опашка**
**курот му се окашка**
**од волови рогови**
**курот му се соголи!**

**Грне грчи пичка зрчи**
**кур се вие да се скрие**
**ој ти пиче бело на ти куре дебело**
**ој ти пиче црвено на ти куре дрвено!**

**Една нога на рамо**
**друга нога под мишка**
**црвен гуштер во пичка!**

**Пара пере пиздулка**
**Мице гледа низ дупка.**
**дај ми паро пиздулка**
**куров да си сладам!**

Крц, крц лубеница
на Јанкова воденица
Јанко петел јаваше
курот му се маваше
две жени го гледаа
гологлави бегаа!

Ој мори бабо грбава
шо имаш ќерка убава
дај ми ја мене
шо ќе ти е тебе
ќе ја носам на Солун
ќе и купам вруќ сомун
ќе ми пасе козите
ќе и прчам нозите!

Ајдете деца
да собираме деланки
да ебаваме селанки!
Ајдете деца
да собираме штичинја
да ебаваме пичинја!

**Збирајте се деца**
**да збираме буки, елки**
**да ебеме учителки**
**да збираме астали**
**да ебеме даскали!**
**Дедо оди на орање**
**повел баба на ебање**
**видел едно врапче,**
**врапчето пеело:**
**Дан-дун, стар кур,**
**стара пичка, вештеричка**
**младо пиче еребиче!**

**Коледица, бабица**
**пичка лежит на стапица**
**пичка вели: оф**
**ми изникна моф**
**пичка вели танко**
**ми порасте влакно**
**пичка вели: нур, нур**
**дајте голем кур!**

Коледе, леде
дедо лежит среде
меѓу двете баби
со пички без заби
Едната му вели:
дедо, оти дремиш
оти куре носиш
и крај пички постиш!?
Курот беше здрав,
дури си бев млад....!

Покрај река Мисисипи
во колиба нешто чкрипи
баба шири дедо тура
тоа се вика фискултура!

Баба седе на топола
дедо гледа путка гола
дедо трче по алишта
куро пласка по газишта!

Пизда, пизда дебела
се мажела в недела
дошле сватови
со китени стапови!

Дедо цепи бурина
си пресекол курињa
баба цепи штичка
си пресекла пичка!

Ина Ина Ина
чичо а ебе стрина
пушката пукна
чичо и го фукна!

Дан дун дудуле
летна моме на куре
стропаа ѕвонците
се исплашија момците
летнаа у визбата
и го чукнаа у пиздата!

Дедо оди на пазар
качил курот на самар
баба оди по него
дај ми дедо од него!

Маре, мори Маре
блазе си на мајка ти
што ја ебал татко ти
да те роди тебе
да ми дадеш мене!

Баба оди по Бабуна боса
босаа!
Ја апнала за пичката ооса
осааа!
Дури дедо дотрча
на баба и отече
на дедо му рипна
на баба и го пикна!

Одоздола иде поп Ѓошо
напрчил куриште
како некое зурлиште
и на моми говори:
ој, мори моми цицлести
што сте толку пичлести!

**Тараличе личе,**
**5 педи пиче**
**со 3 кадели в'на**
**курот ми загрнааа!**

**Ој коледе мој коледе**
**што ти прави жената**
**црна в'на влачеше**
**пиздата и плачеше!**

**Ој деца деца**
**ојте си дома**
**мајка ви се кеца**
**со 10 деца!**

**Траснале ѕвонци**
**се собрале момци**
**ја турнале во визбата**
**и ебале пиздата!**

**Перо седи во кафана**
**курот му е до тавана!**

**Качи се на стапов**
**да го видиш Раде**
**со пет ока маде**
**да го видиш Аврам**
**на кур да го наврам**
**да го видиш Недан**
**од Танаско ебан**
**да го видиш Стамена**
**со курот до рамена**
**да ја видиш Роса**
**на кур што ја носат!**

**Коледе, леде**
**курот го зеле**
**на пазар го носат**
**пичка да му просат**
**мала пичка сака**
**да му бидат калап**
**голема неќи**
**цепена до плеќи**
**со капаче сака**
**да ја гали в рака**
**сака пичка сува**
**да ја носи в пазува!**

Баба оди по домати
дедо мисли колку пати
баба седи на два стола
дедо буцка одоздола
баба седи на топола
дедо гледа пичка гола!

Даскалица пиле пече
од путката мас и тече
даскалица переше
даскал и го мереше
даскалица спрсна
даскал и го сврсна
даскалица се спрепна
даскал и го репна!

Коледе леде
виснало греде
во гаќите на деде
греде се клати
баба му го фати
го земала в рака
сака и да и скака!

**Си било едно врапче**
**со курот како стапче**
**и сакало да ебе**
**по пет пати на ден**
**чучулигата врисна**
**за курето го стисна!**
**И кутрото врапче**
**Си остана без стапче!**

**Цуцул седи на грутка**
**па си шие кесулка**
**а што ќе му е кесулка**
**да си збира жирчок**
**а што ќе му е жирчок**
**да си рани прасето**
**да му пушта мавца**
**да си мачка стапчето**
**а што ќе му е стапчето**
**да си тепа бабата**
**а што ќе му е бабата**
**да му роди машко дете**
**како ќе го викаат**
**ајчин, бајчин еба му газот мајчин!**

**Снегот снеже**
**путка се еже**
**кур се топоре**
**да ја распоре!**

**Кога  ленка почна да стенка**
**во густата пченка**
**дојдоа турци со големи курци**
**дојде и Ставре**
**на сите да им го навре!**

**Oј Стано, Стано**
**стани ми рано**
**осукај ми зелник**
**скини ми жичка**
**напрчи ми пичка!**

**Суро, суро, суроа**
**под куќата Ѓуроа**
**ѓуроица метеше**
**Ѓуро и го гнетеше!**

**Натиче, катиче**
**на пиче ти катинче**
**мој ти курац калдрма**
**што ти пиче раздрма!**

**Не се плаши не се бој**
**коски нема курот мој**
**оди моме подесно**
**да ти влезе полесно!**

**Девојка ме моли**
**да спиеме голи**
**а јас неќу неќу**
**стра' ме ќе ја згмечу**
**даде ми коштанче**
**подигнав и фустанче**
**даде ми лажичка**
**и го турив в пичка!**

**Играле моми топлички**
**со кошулите до пички**
**играле момци прапорци**
**со кошулите до курци**
**моми пички држеле**
**од курци не се делеле!**

**Лена, Ленка бор садила**
**пичката и се запалила**
**бргу попе изгасни ја!**
**Еба си ја, нека гори**
**среда, петок месо јала**
**мене пичка не ми дала!**

**Колинде, мелинде,**
**стара баба Дина**
**пичката ја скина**
**неможе да трпе**
**стар кур да ја крпе**
**со конец од козина**
**пичката и подзина**
**со конец од волна**
**пичката и е полна**
**Машалааааа!**

**Мара цвеќиња си брала**
**набодила на пичката трава**
**не ти било трава туку курова глава!**

**Попот оди пополе**
**курот си го топоре**
**попадија вика**
**да и го напика!**

**Лам палила**
**лам палила**
**пиаздата си а запалила**
**оди дедо изгаси а**
**нека си а, ебам си а**
**три дни празник не терала**
**на муштерии газ давала!**

**Бабите прале по месечина**
**растресиле путки како гугтки!**

**Ина ина ина**
**чичо еба стрина**
**за една рака брашно**
**чичо еба страшно!**

## - Зошто се празнува Коледе?

Постојат два настани сврзани за овој празник, за кои што и православната црква не разграничува кој е вистинскиот. Ќе ви ги претставиме двата настани едниот според Евангелието на Лука, а другиот по евангелието на Матеј, а вие самите проценете што навистина се случило на овој празник. Првиот настан се случува на самото раѓање на Исус во Витлеем и зборува за пастирите, а вториот настан се случува покасно, т.е. после раѓањето на Исус.

Ова е првиот настан:

„Отиде и Јосиф од Галилеја, од градот Назарет, во Јудеја, во градот Давидов, наречен Витлеем, бидејќи беше од домот и племето Давидово, за да се запише со Марија, свршената за него жена, која не беше празна.

А кога беа таму, нејзе и дојде времето да роди.  Го роди својот син првенец, го пови и го положи во јасли, оти за нив немаше место во преноќиштето.

Имаше пастири во тој крај, кои ноќеваа таму и го чуваа своето стадо. И одеднаш се јави ангел Господов меѓу нив и славата Господова ги осветли, и се уплашија многу.

А ангелот им рече: Не бојте се! Еве ви соопштувам голема радост, која ќе биде за сите луѓе; зошто денес ви се роди во градот Давидов, Спасител, кој е Христос Господ; и еве ви знак: ќе најдете повијан младенец, како лежи во јасли.

И одедмаш со ангелот се јави многубројно небеско воинство, кое го славеше Бога велејќи: „Слава на Бога во височините, а на земјата мир и меѓу луѓето добра волја.“

Кога си отидоа ангелите од нив на небо, пастирите си рекоа меѓу себе: Да одиме во Витлеем, и да видиме што се случило таму, за кое ни соопшти Господ.

И дојдоа брзо и ги најдоја Марија и Јосифа, и Младенецот како лежи во јасли. А штом видоа кажаа се што им беше речено за тоа дете. А сите што чуја, се восхитуваа на сето она што им раскажуваа пастирите.

(Евангелие според Лука 2:4-18)

Ова е второт настан:

„А кога се роди Исус во Витлеем Јудејски, во дните на цар Ирод, ете, дојдоа во Ерусалим мудреци од исток и рекоа: Каде е новородениот цар Јудејски? Ја видовме неговата ѕвезда на исток, па дојдовме да му се поклониме.

Штом го чу тоа цар Ирод, се уплаши и целиот Ерусалим со него. И кога ги собра сите првосвештеници и книжници народни, ги праша: Каде треба да се роди Христос?  А тие му одговорија: Во витлеем Јудејски, зошто така е напишано преку пророкот: „ И ти Витлееме, земјо Јудина, по ништо не си помал од Јудините покраини, оти од тебе ќе излезе водач, што ќе го пасе мојот народ - Израилот?“ (Михеј 5:2)

Тогас Ирод тајно ги повика мудреците, и дозна од нив точно за времето, кога се појавила ѕвездата, па, испраќајќи ги во Витлеем, рече: Отидете и распрашајте се добро за младенецот, и штом ќе го најдете, јавете ми за да отидам и јас да му се поклонам.

тие откако го ислушаа царот, си заминаа. и ете ѕвездата, што ја беа виделе на исток, врвеше пред

нив, додека не пристигнаа и се запре над местото каде што беше младенецот. А кога ја видоа ѕвездата, тие се зарадуваа со многу голема радост.

Мудреците се поклонуваат пред Исус, ги оставаат даровите, и заминуваат во друг правец, без да се вратат кај цар Ирод.

„Тогаш Ирод кога виде дека мудреците го измамија, се разгневи многу и прати, та ги уби сите младенци во Витлеем и по целата негова околина од две години и помали, според времето што точно го беше узнал од мудреците.

Тогаш се исполни кажаното преку пророк Еремија, кој говори: Глас се слуша во Рама, плач и ридање, и вискот голем; Рахила плаче за своите деца и не сака да се утеши, зошто ги нема. “

( Евангелие според Матеј 2:1-18)

## - Зошто се пали оган на Коледе?

Една од главните карактеристики на Коледе, коледарскиот оган кој своето потекло го има далеку во претхристијанскиот период според некои има цел да му се помогне на изнемоштеното сонце, кое во овој период од годината свети и топли со најслаб интензитет, а според други имал цел да ги изгори болестите и негативните демони, во христијанството добил нова смисла.

Христијаните од него чувствуваат Божја топлина и светлина што треба да ги растера мракот, незнањето, суеверието итн.

- Коледе во Кавадарци. Еротски песни и пагански обичаи. историја.

Иако палењето оган, еротските песни и јадењето мрсна храна, според црквата е пагански обичај, Кавадарци и кавадаречко се можеби единствените места во земјата каде сеуште се тераат овие обичаи.

"Ој Коледе, Коледе, што ти прави жената...", така секоја година на Коледе се разлеваат еротски песни во Тиквешијата. Со чашка ракија и со печени колбаси, мажите се собираат околу коледарскиот оган и до доцна во ноќта се натпејуваат кој ќе испее "помрсна" песна. Не дај Боже таа вечер патот да ве одведе покрај некој коледарски оган. Нема да к*ртулат ниту вашите жена, мајка, сестра. Сите ќе се најдат во песните, кои доколку ви ги испеат во друга пригода, ќе падне ќотек.

"На коледе нема лутење, кој не може да слуша - воопшто нека не оди на огнот", порачуваат коледарите, кои таа вечер дури и на своите деца им дозволуваат да пеат непристојни песни. Адетот е пагански, велат свештените лица и нема никаква врска со убавиот празник со кој се поврзува раѓањето на Исус Христос, но во Кавадаречко, мажите од памтивек се подготвувале за него уште од Митровден, откако ќе го набереле грозјето.

"Тогаш почнувавме да собираме дрва и валавок по нивите и полињата", се сеќава седумдесетгодишниот Никола Наумчев, за кого во Кавадарци велат дека е мајстор за коледарски огнови. "Во минатото, во Кавадарци неколкуте поголеми маала се натпреваруваа меѓу себе кој ќе запали поголем оган. Тогашните Бабунско маало, Поланско, Црквинско, Чаршиско, Дарданели, Маџир маало криеја меѓу себе кој колку дрва има собрано, оти ако се разбереше дека некој има повеќе, можеше да му извршат напад и ноќта да му ги соберат дрвата. Затоа, секоја вечер два-тројца од нас стражареа за ако дојде некој да краде, веднаш да се крене тревога и да се собереме на ќотек", раскажува тој.

Саглам ќотек паѓало, и тоа со стапови-коледашки, кои на едниот крај имале кукуди, топки кои повеќе служеле за тепање отколку за коледање. Цели два месеца се собирале дрвата од сите куќи, кој колку милувал да даде. "Кој немаше да даде ниту една суровица, останувашe без нужникот. Вечерта одевме десетина дечишта, му го дигавме полскиот нужник и право во огнот. Потоа доаѓаше домаќинот, пцуеше малку и потоа пак играше со нас на орото, оти знаеше дека ако претера, може и поголема беља да го снајде", се сеќава Никола.

Секоја година во коледарските огнови завршувале снопјата од плевните, дрвените порти, ќепенците на фурните, па дури и колјата од гробиштата. Никола Наумчев се сеќава и на штетите што знаеле да си ги направат и најдобрите пријатели меѓу себе на коледе, па ја раскажува случката меѓу кавадаречкиот саатчија Ферчо Чејков и коларот Тодо Гурев.

"Чичко Ферчо беше прочуен гулабар, ги имаше најубавите гулаби во градот, а ги чуваше ортачки со чичко Тодо. Арно ама, на едно коледе чичко Ферчо ги собра зурлите и тапаните од Гроздановското маало и дојде на нашиот оган, ќефлија, па не натера да го изгориме предниот дузен на колата на чичко Тодо. Поигра на орото, си отиде и си легна. По некое време, дојде чичко Тодо на огнот и уште оддалеку благословуваше: 'Ајде, аирлија собранија, аирлија нека е огнот'. Кога се доближи и виде што гориме, ни викна: 'Еее деца, што убави жртавала и обрачи, на чија кола сте и е.... мајката?' Кога виде оти е неговата кола, замина во гулабарникот на чичко Ферчо, им ги скина вратовите на сите гулаби и ги запали во една вреќа. Утредента откако им помина лутината, заедно купија нови гулаби", се сеќава Никола.

Коледарските огнови биле високи и до три метри, а по полноќ претставници од маалата шетале низ градот за да видат кое маало направило најголем оган таа година. "Се сеќавам оти една година нашето Бабунско маало имаше собрано 12 кубици дрва и огнот беше висок до бандерата, ама црквинци беа поарни од нас - беа собрале преку 20 кубици дрва", вели Никола и додава дека и покрај тоа што тогашното транспортно претпријатие "Тиквеш транс" било веднаш до нив, тие никогаш не палеле гуми, туку само дрва. Така се празнувало се до шеесеттите години, кога започнале да се асфалтираат улиците, па полицијата почнала да ги гаси огновите. "Ни пуштаа и пожарникарска кола, ама тоа не беше затоа што ни забрануваа да го тераме адетот, туку затоа што ако се запалеше нешто, немавме со што да гасиме. А и кој ќе ти даде да палиш оган среде асфалт? Затоа полицијата одреди неколку ширинки во градот каде што беше дозволено да тераме коледе", вели Никола.

Неговиот врсник Ордан Глигоров, пак, се сеќава дека во 1960 година полицијата забранила да се пеат коледарски песни по улиците. "Нашето друштво таа година заврши во Внатрешни, кај командирот. Ни зедоа податоци и не казнија со по 1.500 динари, оти

сме пееле мрсни песни, а ние му кажавме дека таков е адетот од прадедо и дека не се плашиме. Дури и коледашките не сакавме да ги оставиме надвор, па со нив влеговме во Внатрешни", вели Ордан.

Кавадаречко е, можеби, единственото место каде што до денес на коледе се пеат еротски песни. Тоа е единствената причина поради која пред некоја година двајца високи функционери откажале да бидат дел од оваа забава, и покрај тоа што многу сакале да ги видат прочуените кавадаречки огнови. "Ми рекоа: 'Чичко Коле, не е згодно и нам да ни запеете такви песни', ама ние му кажавме дека таа вечер нема прошка за никого", вели Никола. Тој тврди дека, за разлика од минатото, кога функционерите се криеле за да не ги забележат на некој коледарски оган, денес токму тие им прават атер на коледарите. Ништо поинаку нема да биде ни годинава. Ќе се испеат дузина еротски песни, кои ние ги собравме, со намера нивната содржина да ги ставиме во посебна книга со кавадаречки мрсни песни.